Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 15 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.106/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 мај 2022 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Никола Ристов со бр.УП2 09-77/22 од 26 април 2022 година, против Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за централно греење на Снабдување со топлина БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1458/6 од 1 април 2022 година, СЕ ОДБИВА.

2. Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за централно греење на Снабдување со топлина БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1458/6 од 1 април 2022 година, СЕ ПОТВРДУВА.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Никола Ристов до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе приговор бр.УП2 09-77/22 од 26 април 2022 година, против Решението со кое се одбива барањето за исклучување од системот за централно греење на Снабдување со топлина БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1458/6 од 1 април 2022 година, (во понатамошниот текст: Снабдување БЕ Скопје).

Именуваниот поднел барање до Снабдување БЕ Скопје за исклучување од системот за централно греење на стан на ул. Цицо Поповиќ бр.7/3-24, Скопје.

Постапувајќи по барањето, Снабдување БЕ Скопје како првостепен орган во постапката донело Решение со кое се одбива барањето за исклучување од системот за централно греење бр.03-1458/6 од 1 април 2022 година.

Незадоволен од решението на Снабдување БЕ Скопје, именуваниот поднесе приговор до Регулаторната комисија за енергетика.

На 16 мај 2022 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и тоа:

- Решение со кое се одбива барањето за исклучување од системот за централно греење бр.03-1458/6 од 1 април 2022 година

- Список на на согласност од станари кои живеат на ул. Цицо Поповиќ бр.7, Скопје,
- Одговор на Барање со арх.бр.03-1205 од 17 март 2022 година.

Согласно член 54 став (2) точка 1), точка 2) и точка 3) од Правилата за снабдување со топлинска енергија, поединечно исклучување се врши по барање на сопственикот, кое го поднесува до снабдувачот со топлинска енергија, ако се исполнети следните услови:
1) системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи ги задоволува условите за ефикасно поединечно греење во согласност со дефиницијата од член 1 точка 22) од овие правила,
2) системот на кој планира да се приклучи или системот за поединечно греење којшто ќе го користи, обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен, земајќи ја предвид енергијата потребна за екстракција, конверзија, транспорт и дистрибуција, што се докажува со извештај за енергетска контрола изготвен од овластен енергетски контролор за згради и
3) обезбеди писмена согласност за исклучување од системот за централно греење со мнозинство од вкупниот број сопственици на посебни делови на зградата согласно со Законот за домување.

Од доставената документација се увиде дека не се исполнети условите за исклучување од системот за дистрибуција на топлинска енергија согласно член 54 од Правилата за снабдување со топлинска енергија односно нема доставено извештај за енергетска контрола со кој се докажува дека изведениот систем за греење обезбедува подобри енергетски перформанси, односно е поефикасен и еколошки поприфатлив и го намалува користењето на примарна енергија во споредба со системот за централно греење на којшто е приклучен.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

**УП2 09-77/22**
**30 мај 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**